ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12-200/10**

**Дата: 12.08.2010**

ДО
ОПШТИНА ЛИПКОВО

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2009 година на сметката на Органот на Општина Липково.

При ревизијата беа земени во предвид препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година, при што е утврдено дека по најголем број од препораките не е постапено, и истото има значително влијание врз објективноста и реалноста на финансиските извештаи, а се однесуваат на неправилности кај благајничко работење, финансиските трансакции се темелат врз основа на документација која не обезбедува доволно докази дека набавките или услугите се извршени за потребите на општината, нереално проценување на состојбите на Материјалните средства и изворите на средствата.

По дел од наодите не е постапено бидејќи истите се надмината со промена на законската регулатива .

Со ревизијата за 2009 година изразивме негативно мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба, мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на билансот на приходи и расходи и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Општина Липково нема извршено евидентирање на имотот добиен согласно Решението за делбен биланс донесено од Владата на Република Македонија, поради што искажаната состојба на материјалните средства на 31.12. 2009 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината. Нема изградено сметководствени политики за евидентирање на инвестициите во тек како и за евидентирање на обврските спрема добавувачите во моментот кога настанал

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

должничко доверителскиот однос и кога е добиена фактура за извршена набавка на добра или за извршена услуга.
Не е извршен попис на средствата и изворите на средствата на Општина Липково со состојба на 31.12. 2009 година, што создава можност за нереално искажување на средствата и обврските и изготвување на нереални финансиски извештаи.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи кои се прикажани на страните од 13 до 15 заедно со ревизија на усогласеност со законските прописи на сметката на Органот на Општина Липково за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Органот на Општина Липково за 2004 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на Органот на општина Липково под 31 декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, изразено е негативно мислење, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Беќир Саќипи, градоначалник до 11.04. 2009 година, и
- Садула Дураки, градоначалник од 12.04. 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на Органот на Општина Липково за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази кои што ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 06.04. до 07.05. 2010 кај Општина Липково од тим на Државниот завод за ревизија .

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија за 2004 година.

3.1. Со ревизијата се утврди дека е постапено по следните препораки:

- да не се исплаќа плата на секретарот по Законот за плата и други надоместоци на избирани и именувани лица во Република Македонија, таков вид на плата не се исплатува (точка 10.3.3.)
- донесен е акт на кои лица им следува мобилен телефон и е утврдено до која висина трошоците ќе се плаќаат од средствата на општината (точка 10.3.4)

3.2. Не е постапено по препораките кои се однесуваат:

- не е донесен акт за благајничко работење и присутни се проблеми во овој дел од работењето (точка 10.1.1.),

- не е воведена евиденција на набавените материјали и ситниот инвентар (точка 10.2.1.),
- евидентирање на финансиски трансакции врз основа на документација која не обезбедува доволно докази дека набавките или услугите се извршени ( фактурите не се архивски заведени, нема извештаи за извршените работи, нема потпис од лице вработено во општината кое ќе потврди дека работата е извршена, нема доказ каде се потрошени набавените материјали, кој ги примил и слично) (точка 10.3.6.),
- не се регулирани односите со јавните претпријатија за расходите направени во име на јавните претпријатија, нема програми и договори за работа на јавните претпријатија усвоени од Советот, од кои би можело да се види по кој основ се извршени овие трансфери на средства до истите (точка 10.3.8.),
- евиденција на дел од настанатите расходи на погрешни сметки спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за корисниците на буџетите (точка 10.3.8.),
- не е извршено проценување на состојбите на Материјалните средства и Изворите на средствата (точка 10.4.1.),
- неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки има пропусти и во 2009 година (точка 10.5.1.).
- не е донесена Програма од Советот на општината за прославата на денот на општината (точка 10.3.5.),

3.3. По дел од препораките не е постапено бидејќи се надминати со новиот концепт на бруто плата , а се однесуваат на

- надоместот за превоз на вработените лица (дел од точка 10.3.1.),
- надомест за превоз до и од работно место, надомест за хранарина, регрес за годишен одмор на Претседавачот на Советот (дел од точка 10.3.1.),
- повеќе исплатени нето основни плати и наемнини во износ поради пресметка и исплата на нето плати на вработените со коефициенти повисоки од коефициентите утврдени со Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност (точка 10.3.2.).

## 4. Наоди и препораки

Неправилностите кои се предмет на овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и други раководни лица на Општина Липково. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на 29.06.2010 година.

На ден 04.08.2010 година со писмо број 08-551/2 од 28.07.2010 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 12-200/3 од 29.06. 2010 година, од градоначалникот.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Интерни контроли

#### 4.1.1. Процес на плаќање

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на без готовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање, што не е во согласност со одредбите на членовите 5 и 10 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и членот 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причините за овие ризици се следните:

- недонесените пишани процедури за движење на документацијата во кои ќе бидат дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите;
- не е назначен одговорен сметководител кој ќе врши проверка и одобрување на документацијата која треба да се плати;

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Липково да ги преземе следните активности:

- да донесе пишани процедури за движење на документацијата и сите процеси во општината да се документираат на начин кој ќе овозможи следење на работењето и текот на трансакциите;
- да назначи одговорен сметководител кој ќе врши проверка и одобрување на документацијата која треба да се плати

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Општина Липково нема донесено Програма за уредување на градежно земјиште, со која се уредува:

- просторот кој е предмет на уредувањето;
- обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
- обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарна инфраструктура;
- изворите за финансирање на Програмата;
- пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
- висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и т.н.

Не донесување на Програма за уредување на градежно земјиште не е во согласност со членот 46 од Законот за градежно земјиште, според кој уредувањето на градежното земјиште го вршат општините врз основа на програма за уредување што ја донесува советот на општината. Тоа придонесува за непланирани активности во делот на уредувањето на градежното земјиште и субјективност при одлучувањето за изградба на објекти од комуналната инфраструктура.

**Препорака:**
На предлог на градоначалникот Советот на општината да донесе Програма за уредување на градежно земјиште на општината.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на Општина Липково со состојба на 31.12.2009 година не е извршен, што не е во согласност со членот 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, според кој буџетите и буџетските корисници се должни најмалку еднаш годишно да вршат усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември.
Не спроведување на пописот создава можност за нереално искажување на средствата и обврските и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот да донесе решение/одлука за вршење на вонреден попис на средствата и изворите на средствата на Општина Липково, да формира пописна/пописни комисии кои ќе извршат попис и ќе ја утврдат состојбата на

средствата, а за обврските спрема добавувачите, да ја утврдат правната основа на истите.

4.3.2. За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реконструкција и друг вид на вложување правниот субјект не води евиденција на позицијата Материјални средства во подготовка, што не е во согласност со членот 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, според кој се утврдуваат, проценуваат поодделни билансни позиции и Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект и соодветно на тоа, при давањето на истите во употреба, да се евидентира зголемување на набавната вредност и вредноста на деловниот фонд. Не воспоставената евиденција на Материјалните средства во подготовка придонесува за нереално искажани позиции во Билансот на состојба.

**Препорака:**
Да се воспостави сметководствена политика за евидентирање на инвестициите во тек како основа за зголемување на набавната вредност на основните средства.

4.3.3. Обврските спрема добавувачите во сметководствената евиденција на општината не се евидентираат во моментот кога настанал должничко доверителниот однос и кога е добиена фактура за извршена набавка на добра или за извршена услуга туку се евидентираат во моментот кога се врши плаќање на истите што не е во согласност со членот 10 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници според кој деловните книги се водат уредно и хронолошки. Со ваквиот начин на евидентирање се нема реална состојба на обврските спрема добавувачите како и на задолженоста на општината. Ова се должи на применувана пракса и непочитување на одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Наведеното придонесува за нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Обврските спрема добавувачите да се евидентираат во сметководствената евиденција кога настанал должничко доверителниот однос, без разлика дали се платени или не.

4.3.4. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи на позицијата Стоки и услуги во износ од 1.477 илјади денари, кои се однесуваат за следните трошоци:

- горива и масла за службените возила во износ од 584 илјада денари за кои нема документ при секое полнење на гориво;
- транспорт на луѓе во износ од 43 илјада денари, за кои не се знае точно за што се потрошени;
- исплатени се 120 илјада денари на ЈП „Пиша„ за кои нема прилог документ.
- исплатени средства во износ од 518 илјада денари на ЈП за водовод „Пенда“, за кои нема прилог документи;
- за набавки на стоки и услуги (канцелариски материјали, кафе, пијалоци, патарини и др.) исплатени се средства од благајната во износ од 211 илјада денари за кои нема комплетна/веродостојна документација.

Плаќањата врз основа на документација која не е комплетна не е во согласност со членот 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, според кој евидентирањето во сметководството се врши на основа веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи и е резултат на невоспоставени контроли во процесот на плаќање.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Липково да донесе пишана процедура според која за секоја извршена трансакција да се обезбеди документација како потврда на настанатите финансиски промени.

4.3.5. Општина Липково во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/1 од 08.02.2000 година донесено од Владата на Република Македонија, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Липково, врз основа на спроведен делбен биланс. За овој имот општината нема обезбедено имотни листи од Агенцијата за премер и катастар на недвижности на Република Македонија, освен за административната зграда на општината. За овој имот не е утврдена вредност и истиот не е евидентиран во сметководството и не е искажан во Билансот на состојба за 2009 година.
Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2009 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе активности да се изврши проценка на вредноста на имотот согласно Методологијата за проценка, и истиот да се евидентира во сметководствената евиденција по добивање на имотни листи во спротивно истиот да се евидентира вонбилансно.

4.3.6. Обврската за плати и надоместоци на плати спрема вработените за 2009 година е искажана во помал износ за 784 илјади денари поради непресметана и неевидентирана обврска за плата за месец декември 2009 година што е спротивно на одредбите од членот 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ефект од тоа се нереално искажани состојби на обврските во сметководството и Билансот на состојба на 31.12.2009 година. Бидејќи во текот на 2010 година е пресметана, евидентирана и исплатена обврската за плата за месец декември 2008 година, ревизијата не дава препорака.

**4.4. Користење на средствата согласно законските прописи**

При увидот во спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди не применување на одредбите од Законот за јавни набавки и под законските акти и тоа:

4.4.1. Општина Липково нема донесено План за јавни набавки за 2009 година, што не е во согласност со одредбите од член 26 од Законот;
- досиејата за јавни набавки не содржат изјави за постоење/непостоење на судир на интереси потпишани од членовите на Комисијата за јавни набавки, што е спротивно на член 173 став 11 од Законот;

4.4.2. Без постапка за јавна набавка извршени се набавки во вкупен износ од 742 илјади денари што не е во согласност со Законот за јавни набавки (Прилог 3 од Извештајот).

4.4.3. По Оглас за доделување на договор за јавна набавка број 4/2008 со Отворена постапка од 2008 година со предмет на набавката, изградба на градежен објект Културен Дом во с. Матејче, утврдени се следните неправилности:

- донесена е Одлука за јавна набавка од страна на поранешниот градоначалник со проценета вредност на договорот од 8.000 илјади денари согласно доделените средства во истиот износ од страна на Министерството за култура со договор од 2008 година;
- по спроведената постапка за јавна набавка и донесеното Решение за избор на најповолен понудувач склучен е договор на износ од 6.012 илјади денари со ДДВ со прилог Предмер пресметка на истиот износ;
- Во месец март 2009 година е склучен анекс договор на износ од 1. 596 илјади денари со ДДВ потпишан од поранешниот градоначалник без да биде наведено било каква причина, документација, за потребата од склучување на истиот што е спротивно на член 99 од Законот за јавни набавки;

Во месец август 2009 година од страна на изведувачот на работите е доставено барање за потреба од изготвување на нов проект и нова техничка документација, неколку месеци откако претходно бил склучен анекс договорот. На основа барањето новиот градоначалник во месец август 2009 година, одобрил промени на проектот, и изготвување на нов проект и го прифатил барањето на изведувачот, без да биде наведена вредност на потребните дополнителни работи. За дополнителните работи во износ од 392 илјади денари е испоставена трета градежна ситуација од месец ноември 2009 година, за кое не е склучен договор.
Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки има за последица примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, нетранспарентност и јавност на постапката при склучување на договорите и повластена положба на одредени добавувачи.

**Препорака:**
Да се донесе процедура со која ќе биде пропишана постапката и потребната документација за склучување на анекс договор.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.3.1, 4.3.2., 4.3.3., 4.3.5. и 4.3.6. финансискиот извештај – биланс на состојба не ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на Органот на општина Липково под 31 декември 2009 година. Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точка 4.3.5., резултатот од финансиските активности за годината е реално и објективно искажан, во согласност со важечката законска регулатива, во финансискиот извештај – биланс на приходи и расходи за 2009 година.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2., 4.3.4. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Органот на Општина Липково, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

5.1. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата се:

- намалување на состојбата на побарувањата од купувачите за вкупен износ од 7.615 илјади денари со истовремено намалување на состојбата на Пасивните временски разграничувања;
- зголемување на состојбата на обврските спрема добавувачите за износ од

8.148 илјади денари со истовремено зголемување на Активните временски разграничувања;

- намалување на состојбата на сметката градежни објекти за износ 16.908 илјади денари со истовремено зголемување на состојбата на инвестиции во тек за истиот износ и намалување на состојбата на сметката Државен капитал и зголемување на состојбата на Пасивните временски разграничувања;
- намалување на состојбата на сметката Опрема за износ од 1.502 илјади денари со истовремено зголемување на состојбата на сметката Нематеријални средства;
- намалување на состојбата на сметката Кредити од банки во земјата за износ од 819 илјади денари со зголемување на состојбата на сметката Други долгорочни обврски за истиот износ.

Скопје, 10.08. 2010 година



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ______________________
2. ______________________

______________________

ОПШТИНА ЛИПКОВО

СМЕТКА НА ОРГАН

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Трансфери и донации | 3.1. | 45.659 | 27.508 |
| **Вкупно приходи** | | **45.659** | **27.508** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 10.433 | 8.777 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 201 | 138 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 9.341 | 8.715 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 1 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 670 | 290 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **20.646** | **17.920** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 25.013 | 9.588 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **25.013** | **9.588** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **45.659** | **27.508** |

ОПШТИНА ЛИПКОВО
СМЕТКА НА ОРГАНОТ
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | | 0 | 7.615 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 29.150 | 23.717 |
| **Вкупно тековни средства** | | **29.150** | **31.332** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 1.502 | 0 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 92.338 | 92.532 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 16.908 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **110.748** | **92.532** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **139.898** | **123.864** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 28.331 | 23.735 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 1.502 | 7.505 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **29.833** | **31.240** |
| | | | |
| **Долгорочни обврски** | 4.4.2. | **819** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 109.246 | 92.624 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **110.065** | **92.624** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **139.898** | **123.864** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

ОПШТИНА ЛИПКОВО

СМЕТКА НА ОРГАНОТ

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| | | |
| **Состојба 01.01.2008 година** | **92.624** | **92.624** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **17.140** | **1.740** |
| | | |
| Набавки | 17.140 | 17.140 |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **518** | **518** |
| Отпис на капитални средства | | - |
| Амортизација | 518 | 518 |
| | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **109.246** | **109.246** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________
*2.* ______________________ ______________________

Одговор на забелешките од Ревизија во врска со точка 4.4.3. во врска со Културен дом во село Матејче.

Во врска со доставеното барање од страна на изведувачот на работите за изготвување на нов проект и нова техничка документација.
Од страна на новиот градоначалник е одобрено барањето на изведувачот и е изработен нов проект се поради фактот што фактичка состојба на лице место не одговараше на старито проект, теренот имаше поголем пад и ние моравме да одиме на решење кое бараше одговор тек по започнување на работите на терен. Градоначалникот се одлучи за ово по консултација и барање на надзорен орган, фирма изведувач и инжињер на градилиштето. За тоа одевме и на изработка на нов проект кој е исплатен од изведувачот само проектот да одговара на фактичката состојба на теренот и на изведените работи.

Со овој проект ќе може да продолжиме и во изведба и на другите работи до комплетирање на објектот, бидејќи тој ги има и новите измени на теренот кои настанале поради падот на теренот.

Третата ситуација содржи позиции кои се изведени од изведувачот а не беа предвидени порано, за да се вклучат во позиција утре да му се исплати тоа што е работено, кога ќе добије општина пари за овој проект.

Анекс договорот е направен по Барање на Министерството за да се покрие сума од 8 милиони денари и тој содржи сума од 20% од првиот договор и тој Анекс договор е прифатен од Министерство за култура.

Состојбата по ова точка е иста како е напишано во извештајот на ревизија, но поради земање на средствата од Маврово на која сме биле должници настанија големи проблеми со вој проект, и мислиме дека за се има оправдување

Përgjigje në vërejtjet nga revizioni në lidhje me pikën 4.4.3 lidhur me Shtëpinë e Kulturës në fshatin Mateç

Në lidhje me kërkesën e dorëzuar nga ana e ekzekutuesit të punëve për përgatitjen e projektit të ri dhe dokumentacionit teknik të ri .
Nga ana e Kryetari të ri të komunës është lejuar kërkesa e ekzekutuesit dhe është punuar projekt i ri për shkak faktit që gjendja faktike në vend të ngjarjes nuk i u përgjigjte projektit të vjetër , terreni kishte pjerrtësi më të madhe dhe ne u detyruam të shkojmë në zgjidhje që kërkonte përgjigje vetëm pas fillimit të punëve në terren.Kryetari vendosi për këtë pas konsultimit dhe kërkesës të organit mbikëqyrës , firmës ekzekutues dhe inxhinierit të ndërtimit .Për këtë shkuam në përgatitjen e projektit të ri i cili është i paguar nga ekzekutuesi , por vetëm projekti të përgjigjet gjendjes faktike në terren dhe punëve që duhen të kryhen .

Me këtë projekt mund të vazhdohet dhe në ekzekutimin e punëve tjera deri në kompletimin e objektit , përshkakse ai I ka edhe ndryshimet e reja në terren që kanë ndodhur përshkak pjerrtësisë në terren .

Situaconi i tretë përmban pozicione të cilët janë kryer nga ekzekutuesi dhe nuk kanë qenë të paraparë më herët , që të kyçen në pozicione nesër, t'i paguhet ajo që ka punuar , kur të marrë komuna pare për këtë projekt .

Aneks kontrata është bërë pas kërkesës të ministrisë që të mbulohet shuma prej 8 milion denarë dhe ajo përmban shumë prej 20% nga kontrata e parë dhe ajo aneks kontratë është pranuar nga Ministria e Kulturës .
Gjendja për këtë pikë është e njëjtë si është shkruar në raportin e revizionit , por përshkak marrjes të mjeteve nga Mavrova që i kemi pas borxh ndodhën probleme të mëdhaja me këtë projekt dhe mendojmë se për gjithë ka arsye .

Konuma e Likovës
Kyetar
Sadulla Duraki

Pwrgatiti Dije Arfi



Ревизорски тим:
1. ______________________________
2. ______________________________

Овластен државен ревизор
______________________

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:**

**Дата:**

**Прилог 2**

Одговор на забелешки
по Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор
за Општина Липково

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Липково за 2009 година на – Сметка на Органот доставени се забелешки од актуелниот градоначалник со број 08-551/2 од 28.07.2010 година.

Забелешките се разгледани од ревизорскиот тим и по истите е констатирано следното:

Забелешките на наодот од точка 4.4.3. кој се однесуваат на пропусти во постапката за јавна набавка за дополнителните работи за изградба на градежен објект Културен дом во с. Матејче, **не се прифаќаат,** од причина што немаат карактер на забелешка туку известување кои се причините за таквото постапување. Субјектот наведува во коментарот дека состојбата е идентична со утврдената од ревизијата.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________